# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**11 март 2025 година, Гевгелија Број 5 Година 44**

Содржина

страна
172. Решение за констатирање престанок на мандат на член наСоветот на О Гевгелија--------- 02
173. Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија------------ 03
174. Решение за формирање Комисија од Советот на О.Гевгелија за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија------------------------------------------- 04
175. Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во проект за „Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија”-------------------05
176. Јавна објава--------------------------------------------------------------------------------------------------06

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.03.2025 година.

Бр.08-400/2
11.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 46 став (1) алинеа (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на 58-та (вонредна) седница одржана на ден 10.03.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.На **Сашко Стојиловски**, член на Советот на Општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија, поради поднесена неотповиклива оставка од лични причини, сметајќи од 10.03.2025 год. како ден на одржување на 58-та (вонредна) седница на Советот на Општина Гевгелија.

2.Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09- 393/1
10.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорѓе Попов с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за верификација на мандат**
**на член на Советот на Општина Гевгелија**

Се објавува Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.03.2025 година.

Бр.08-400/3
11.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на 58-та (вонредна) седница одржана на ден 10.03.2025 год., разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гевгелија, **Марјан Бучков**, од листата на кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-394/1
10.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорѓе Попов с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање Комисија од Советот на О.Гевгелија за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

Се објавува Решението за формирање Комисија од Советот на О.Гевгелија за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.03.2025 година.

Бр.08-400/4
11.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), член 7 од Одлуката за основање на јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" - Гевгелија бр.07-70/5 од 09.06.1998 год. и врз основа на утврдените забелешки на овластениот државен ревизор во документацијата на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија на 58-та (вонредна) седница одржана на 10.03.2025 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Комисија од Советот на О.Гевгелија за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

- **Златко Митров (претседател),**
- **Сашко Проданов,**
- **Ивана Чабулева,**
- **Никола Петров, и**
- **Елена Хаџи-Николова.**

3.Комисијата треба да изготви Одлука за утврдување средства за основање на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и ќе состави Записник за износот на средствата за основање и начинот на нивното обезбедување, заради упис на основната главнина на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица во Централниот регистар на РСМ.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-395/1
10.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорѓе Попов с.р.**

-------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во проект за „Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија”**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во проект за „Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија”, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 година.

Бр.08-400/5
11.03.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на РСМ” бр.24/2021, 174/2021 и 241/2024), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на 58-та (вонредна) седница одржана на 10.03.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Гевгелија во проект за „Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во проектот: **„**Изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, Општина Гевгелија**”**.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изградба на улица „Новопланирана индустриска 2”, во општина Гевгелија, со износ во висина од 408.528 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-396/1
10.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорѓе Попов с.р.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
градежништво и заштита на животна средина
бр.11-91/11-7 од 03.03 2025 година
Гевгелија

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Гевгелија, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина, согласно член 84 од Законот за Општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр.124/15 и бр.65/18), ги известува:

- Љупка Шаренкова
- Синиша Р. Петров
- Ристо И. Магдинчев
- Лазар П. Лазаров
- Иван Костадинов
- Мартина Костадинова
- Мери Костадинова Голубова

како и сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението и сите заинтересирани странки, дека на ден 03.03.2025 година, со бр.11-91/1 е издадено одобрение за градење на инфраструктурен објект (Е1.13) – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (сончева енергија) со капацитет до 1 MW (објект 1 - фотоволтаична електрана Е1.13 за производство на електрична енергија со инсталиран капацитет од 907.12 KWP и објект 2 - нова компактна бетонска трафостаница 10(20)0.4 KV, 1000KVA) на КП бр.263/2, 263/6, 264/2 и 275, г.п. 1 КО Мрзенци, во општина Гевгелија.

Согласно член 62-а од Закон за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14 ,42/14, 115/14 ,149/14 , 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ“ 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 255/24), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во просториите на Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина во општина Гевгелија, секој работен ден од 8.00 – 16.00 часот, во рок од 15.дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
**Андон Сарамандов**

Изработил:
Ивана Баламовска Илиева,

Контролирал:
Ана Чугунцалиева,

Раководител на сектор:
Ирена Томчева,

*Службен гласник на Општина Гевгелија. Излегува по потреба.*
*Уредува и издава Одделение за правни работи.*